Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 25/0306
22.01 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Дениз Сулејман, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Off.net.mk“, со текстот насловен „Комити со револт: Глумци на филмско платно за кои нема да има одговорност“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 27 декември 2019 година, Дениз Сулејман поднесе жалба за текстот со наслов „Комити со револт: Глумци на филмско платно за кои нема да има одговорност", објавен на 24 декември 2019 година, на интернет порталот „Off.net.mk" (www.off.net.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, дискриминација, пристрасност во информирањето, навреда и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Off.net.mk" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот и одговорен уредник на медиумот, Сашо Мацановски – Трендо одговори на наводите на жалителот. Желбата целосно ја отфрла како неоснована и смета дека во оспорената содржина нема прекршување на новинарските стандарди. Тој посочува дека во текстот не се сугерира „сојузување" со нечии ставови и формулации или нивно промовирање, надвор од регуларната медиумска потреба за информирање на јавноста.

*„Во тој текст се известува за една епизода од тема добро позната на јавноста, односите меѓу конкурентни навивачки групи. Како што знаете, тие односи се токсични и како што знаете, за такви теми, неможно е да се известува, а истовремено содржината да биде целосно дезинфицирана од непријатни детали. Слично како што би било да се известува од марш на нео-нацисти а да треба да се отстрануваат инсигниите кои тие ги носеле",* наведува Мацановски во одговорот на претставката.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10.

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за текст без автор, чија содржина се заснова на објава на навивачката група „Комити“, поставена на социјалната мрежа „Фејсбук“, која содржи сериозни дискриминирачки и навредливи коментари насочени кон албанската етничка заедница.

Пренесената содржина е еднострана и лесно може да предизвика негативни ефекти, дури и подгревање на меѓуетнички тензии. Затоа, кога веќе одлучил да го објави текстот, медиумот морал да го лоцира говорот на омраза и експлицитно да се огради или да ја осуди таквата содржина, со цел на јавноста да ѝ помогне во нејзиното препознавање.

Новинарот не смее да покаже рамнодушност и резерва кон говорот на омраза, зашто таквите содржини можат да се протолкуваат како чин на одобрување и охрабрување. Иако авторот на текстот директно не зазема страна, ниту дава експлицитна поддршка на навредливите и дискриминаторски пораки на навичката група, сепак, на таквите коментари несомнено им обезбедил медиумски простор, а со тоа и реален повод и опасност за поттикнување насилство и омраза.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на „Off.net.mk“, е прекршен и **членот 10** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во следните реченици од текстот:

***„Кале, МНТ, а сега и најново видео од центарот на Скопје на кое се тепаат млади луѓе за кои се претпоставува дека напаѓачите се дел од навивачката група Шверцери“.***

***„Комити направија компилација со која сакаат да укажат дека нивните ривали никогаш не одговараат“.***

***„Низата на инциденти ги ставија на филмско платно како асоцијација на дивеењето на Шверцери во театарот МНТ, а потсетија и на случувањата на Кале каде камерите жив го фатија заменик министерот за внатрешни како ослободува навивачи на Слога, меѓу кои и Артан Груби“.***

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар), кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого

поради неговата раса, **етничка припадност,** пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика.

* * *

**Комисијата, при своето одлучување, ги зеде предвид и:**

***Препораката бр. R (97) 21 на Комитетот на министри** до земјите – членки за медиумите и за промоција на културата на толеранција (Усвоена од Комитетот на министри, на 30 октомври 1997), во делот: „медиумите можат да дадат позитивен придонес во борбата против нетрпеливоста, особено онаму каде што негуваат култура на разбирање меѓу различните етнички, културни и религиозни групи во општеството".

***Член 5, точка 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

„Дискриминаторско однесување и постапување е секое активно или пасивно однесување на секое лице од страна на јавните власти, како и од страна на правни и физички лица од приватниот и јавниот сектор во јавниот живот, кое создава основи за привилегирање или депривилегирање на некое лице на неоправдан начин, или кое го изложува на неправеден и деградирачки однос во споредба со други лица во слична ситуација, базирано на која било од дискриминаторските основи;

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа** за слободата на политичка дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година), во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Off.net.mk“ (www.off.net.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595